## ЗА ЗЕМЈИТЕ-ЧЛЕНКИ

- Инвестирањето во силни здравствени системи е критично за просперитетно општество. Зголемувањето на јавното финансирање на здравствена заштита и намалувањето на здравствените трошоци, односно плаќањата од џеб спасува животи, притоа унапредувајќи ги Целите за одржлив развој.
- Потребни се силни здравствени системи за истовремено обезбедување на универзална здравствена покриеност и подготвеност за итни случаи.
- Универзалната здравствена покриеност е политички и социјален избор. Потребно ни е силно политичко лидерство, како и посветеност на целокупната јавност.
- Здравите животни средини може да влијаат на трансформирање на животите на луѓето.
- СЗО препорачува зголемување на „здравствените даноци“ за тутунот, алкохолот, додадениот шеќер и фосилните горива. Овие даноци придонесуваат за значајно зголемување на јавните приходи.
- Помеѓу 2023-2030 година се предвидува недостиг од 10 милиони здравствени работници ширум светот. Потребни се инвестиции во образованието, како и отворање на работни места во здравствениот сектор.



# 75 години

## Промовирање здравје
## Чување на светот безбеден
## Поддршка за ранливите групи

Превод:
Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија
https://iph.mk/

Поддржано од:
Здравствена мрежа на земјите од Југоисточна Европа
http://seehn.org/

SOUTH-EASTERN EUROPE HEALTH NETWORK

World Health Organization

SOUTH-EASTERN EUROPE HEALTH NETWORK

Република Северна Македонија
Министерство за здравство

## СВЕТСКИ ДЕН НА ЗДРАВЈЕТО



# ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ

## 75 ГОДИНИ
## ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ЗДРАВЈЕ

7 април 2023

# КЛУЧНИ ПОРАКИ ЗА ЈАВНОСТА

- Здравје за сите подразбира секој човек да има добро здравје за водење на исполнет живот во мирен и просперитетен свет.
- Правото на здравје е основно човеково право. Сите луѓе мора да имаат пристап до здравствените услуги што им се потребни, секогаш и секаде каде што им се потребни, без финансиски потешкотии.
- 30% од глобалното население не е во можност да пристапи до основните здравствени услуги.
- Речиси две милијарди луѓе се соочуваат со катастрофални трошоци за здравствена заштита, како и со значителни нееднаквости што најмногу ги погодуваат оние во ранливите средини.
- Универзалната здравствена покриеност нуди финансиска заштита и пристап до квалитетни основни услуги, ги извлекува луѓето од сиромаштија, промовира благосостојба на семејствата и заедниците, штити од јавно здравствени кризи и нè движи кон #ЗдравјеЗаСите.





- Да го направиме здравјето за сите реалност, потребни ни се: поединци и заедници кои имаат пристап до висококвалитетни здравствени услуги за да можат да се грижат за сопственото здравје и за здравјето на нивните семејства; квалификувани здравствени работници кои обезбедуваат квалитетна грижа насочена кон луѓето; и креатори на политики посветени на инвестирање во универзална здравствена покриеност.
- Доказите покажуваат дека здравствените системи преку пристапот на примарна здравствена заштита (ПЗЗ) претставуваат најефективниот начин за доближување на услугите за здравје и благосостојба до луѓето.
- КОВИД-19 во голема мера влијаеше на заложбите на секоја земја за реализација на целта #ЗдравјеЗаСите.
- Мора да се забрза напредокот доколку сакаме да се реализираат Целите за одржлив развој поврзани со здравјето.

# АКЦИСКИ ТОЧКИ



- Премин од економии водени од профит кон економии водени од правичност и благосостојба.
- Успехот мора да се мери согласно благосостојбата на луѓето и според тоа колку е здрава животната средина.
- Вклучување и поттикнување на поединците, семејствата и заедниците за зголемено социјално учество и зголемена грижа за себе и сопственото здравје. Обезбедување на информирано и активно учество, со луѓето поставени во центарот на здравствените одлуки и резултати.
- Зајакнување на интегрираните национални здравствени системи користејќи пристап на ПЗЗ со цел испорачување на суштински квалитетни услуги со обезбедена финансиска заштита, ориентирани кон правичност, родово чувствителни и засновани на човековите права за да се допре до оние кои имаат најголема потреба, како и да се обезбеди подобрување на здравјето и благосостојбата на сите луѓе на секоја возраст.
- Овозможете им на невладините организации да учествуваат во планирањето предводено од владата, да имаат увид во напредокот или имплементацијата на универзалната здравствена покриеност.